20242354117

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Националната развојна стратегија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 ноември 2024 година.

Бр. 08-5470/1
13 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Член 1

Во Законот за Националната развојна стратегија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 30/24), во член 11 ставот (3) се менува и гласи:

„Членови на Советот се:

1. претседателот на Владата и неговите заменици;
2. еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија;
3. еден претставник од Кабинетот на претседателот на Собранието;
4. координаторите на пратеничките групи и по еден пратеник од политичките партии застапени во Собранието кои не се организирани во пратеничка група;
5. министерот надлежен за работите од областа на финансиите;
6. министерот надлежен за работите од областа на економијата;
7. министерот надлежен за работите од одбраната;
8. министерот надлежен за работите од областа на дигиталната трансформација;
9. претседателот на Македонската академија на науките и уметностите;
10. генералниот секретар на Владата;
11. по еден претставник од:

а) Стопанската комора на Северна Македонија;
б) Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии;
в) Стопанската комора на северозападна Македонија;
г) Сојузот на стопански комори на Македонија и
д) Занаетчиската комора на Република Северна Македонија.

12. претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
13. претседателите на осумте совети за развој на планските региони;
14. по еден претставник од репрезентативните синдикати;
15. претставници од установите од високото образование, со потесна специјалност од областа на стратешкиот развој, економијата, социјалниот развој и заштита на животната средина, номинирани од јавните универзитети;
16. тројца претставници на здруженија номинирани од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од кои најмалку еден претставник на здруженија од областа на заштита на маргинализираните лица и
17. двајца претставници на млади, номинирани од Националниот совет на млади.“.

Во ставот (4) зборовите: „точки 10, 13, 14, 15 и 16“ се заменуваат со зборовите: „точки 11, 14, 15, 16 и 17“.

Член 2

Во член 13 ставот (2) се менува и гласи:

„Членови на Управниот одбор се претседателот на Владата или заменик на претседателот на Владата, предложен од негова страна, министерот за финансии и генералниот секретар на Владата.“.

Член 3

Во член 14 ставот (3) се менува и гласи:

„Членовите на работниот комитет се избираат по пат на јавен повик од редот на вработените во органите на државната управа, Општините, Општините во градот Скопје и Град Скопје, другите јавни институции, здруженија и во приватниот сектор. Начинот на спроведување на јавниот повик и потврдување на членовите на работниот комитет поблиску се уредува со актот за формирање на Советот од ставот (1) на член 10 од овој закон.“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.